РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
MINISTRIA E MJEDISIT JETËSOR
DHE PLANIFIKIMIT HAPËSINOR
Бр.-Nr. 18-178/5
13. 01. 2023 20 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

**Извештај**
**за извршен надзор на законитоста на**
**работата од областа на животната средина на**
**општина Македонски Брод за 2022**

Комисијата за вршење надзор на законитоста на работата на органите на општината, на градот Скопје и на општините во градот Скопје формирана со Решение бр. 18-1092/2 од 16.02.2021 година, а врз основа и согласно Планот за вршење на надзор на законитоста на работата на органите на општината, на градот Скопје и општините во градот Скопје донесен од страна на Министерството за животна средина и просторно планирање со бр. 18-521/1 од 17.03.2022 година, на ден 06.10.2022 година изврши надзор на законитоста на работата во општина Македонски Брод.

Надзорот е извршен врз основа на претходна најава до општината Македонси Брод од страна на министерството и тоа за следните области од законите за животна средина:

1. Постапка за одобрување на елаборати за животна средина
2. Постапка за издавање на Б-интегрирана еколошка дозвола
3. Надзор на надлежностите на органите на општината од областа на управување со отпадот.
4. Надзор на надлежностите на органите на општината од областа на заштита на водите.
5. Надзор на надлежностите на органите на општината од областа на заштита од бучава во животната средина

Претставник на општината Македонски Брод присутен при вршењето на надзорот беше Ирена Мишкоска.

**Во однос на првата точка од Планот за вршење на надзор на законитоста на работата на органите на општината, на градот Скопје и општините во градот Скопје која се однесува на спроведување на постапката за <u>одобрување на елаборати за животната средина комисијата утврди дека:</u>** во општина Македонски Брод се спроведува постапката за одобрување на елаборати за заштита на животната средина. Се увиде дека се води регистер на одобрени елаборати во хартиена и електронса форма. Има писмено овластување од страна на градоначаникот за лице кое ги одобрува елаборатие.

**По однос на втората точка која се однесува на спроведување на постапката за <u>издавање на Б интегрирани еколошки дозволи од страна на комисијата е утврдено дека:</u>** согласно активностите кои произлегуват од

Законот за животна средина општината ја спроведува постапката за издавање на Б интегрирани еколошки дозволи како и нивно обновување, во општината имале издадено шест Б интегрирани еколошки дозволи и за истите се води регистер. Се утврди дека во општината има одговорно лице за издавање на Б-интегрираните еколошки дезволи. Од страна на овластеното лице уредно се спроведува постапката за издавање на дозволите и се пресметуваат надоместоци.

<u>По однос на обврските согласно Законот за животна средина :</u>

- Нема донесен нов ЛЕАП последниот е од 2008-2014 година, за изработката на ЛЕАП-от формиран е ЛУК, а во програмата за ЗЖС за 2022 е предвидена изработка само на ориентационо потребни средства.
- Општината ја нема исполнето обврската согласно член 154 од ЗЖС, нема донесено надворешен план за вонредни состојби.
- Општината нема донесено план за спроведување на инспекциски надзор за 2022 година и за истиот не доставува извештај.
- Општината има вработено лице за овластен инспектор за животна средина, чие работно место е во мирување до 08.08.2023 поради стручно доусовршување во странство.
- Општината не води соодветни катастри согласно член 42 (5) од ЗЖС и не доставува податоци за одржување на катастрите до МЖСПП. Во прашалниот има одговорено со податоци кои не се однесуваат на водењето на катастри согласно член 42(5) од ЗЖС.
- Општината ја информирала јавноста со објавување на веб страната и со писмени дописи до месните заедници и надлежната институција за загаденоста во животната средина на нејзината територија.
- Општина Македонски Брод во моментов нема реализирано меѓуопштинска соработка со друга општина во областа на животна средина, а во минатото имала со Центар Жупа.

<u>Согласно третата точка од Планот за вршење на надзор на законитоста на работата на органите на општината, на градот Скопје и општините во градот Скопје од страна на комисијата е утврдено дека согласно прописите кои произлегуваат од Законот за управување со отпадот</u>

- Општината имала изготвено План за управување со отпадот 2020-2025 и согласно истиот изготвувала годишни програма за управување со отпад.
- Општина Македонски Брод согласно обврските што произглегуваат од член 18 точка 5 од законот за отпад го имала доставено на одобрување до органот на државната управа надлежен за работите од областа на животна средина Предлог планот за управување со отпад за периодот 2022-2025 год. Од

управата за животна средина добиено било Решение за одобрување на Планот за управување со отпад. Истиот бил одобрен од советот на општината.

- Се изјаснија дека градоначалникот на општината ги исполнувал обврските согласно член 28 од законт за управување со отпадот кој се однесува на управување со комуналниот и другиот неопасен отпад.

-Се изјаснија дека: Советот на општината Македонски Брод има дадено согласност за склучување на договор за соработка за воспоставување на регионаелен одбор за управување со отпад во Југозападен плански регион на 31.05.2012.

-Од Општината немаме одговор за прашањето: дали општината членува во мегуопштински одбор за управување со отпад.

-Согласно член 45 ос ЗУО за интегрирана мрежа за управување со отпад општината сеуште нема определено локација каде што можаат да бидат изградени, односно и поставени претоварени станици, бидејки со проектот не биле предвидени претоварни станици на територијата на општината.

- Општина Македонски Брод има основано јавно претпријатие (ЈП Комунална Хигиена) за собирање, транспортирање или третман на комуналниот и на другите видови неопасен отпад согласно член 60 од ЗУО.

- Се изјасни дека имала шема за собирање на комуналниот отпад и истата била достапна од страна на ЈП Комунална Хигиена на увид на граѓаните на веб страната, доколку поради непредвидени околности настане промена во редот на собирање, населението се информирало за тоа. Комунален отпад се собирал од територија на населеното место Макдедонски Брод и населбите Горна и Долна Белица, Суводол, Требино, Девич, локалитетот Пешна.

- Општината се изјасни во прашалникот дека имале определено локација каде ке се постават садови за собирање и селектирање на отпадот со кои ќе се овозможи селектирање и на опасниот отпад од домаќинствата, согласно обврските во рамките за законот за проширена одговорност на производители.

- Во врска со селектирање на отпад, од страна на давателите на услугата во соработка со постапувачите со посебни текови на отпад општината имала договори со Елколет Доо Скопје и договор со Пакомак доо Скопје, но не се изјасни со кој колективен постапувач за што има договор.

- Општината имала основано општинска депонија Барбарас за неопасен и за инертен отпад.

- Согласно член 102 од ЗУО општината се изјасни во прашалникот дека ги објавува податоците кои се однесуваат на состојбата во управување на отпадот, за постигнатиот напредок, и идните активности за подобрување со отпадот.

- Согласно член 11 од ЗПОП Општината ги спроведувала обврските за соработка со производителите на посебни текови на отпад самостојно или преку колективен постапувач со цел поттикнување на одделно собирање на

отпадни производи воспоставување на собирни центри и посебна инфраструктура за одделно собирање.

- Се изјасни дека Градоначалникот на општината ја исполнува обврската според која е должен да склучи договор со колективен постапувач за отпад од пакување но се нема изјаснето со кој постапувач има склучен договор како собирач за отпад од пакување.

- Во општината Македонски Брод склучените договори со колективни односно самостојни постапувачи со посебен тек на отпад се објавувале на веб страната на општината.

- Јавно учество во донесувањето одлуки во областа на отпадот општината не остварувала смета дека доставената програма во советот на општина, е доволна бидејки седниците на советот биле од јавен карактер и истите се усвојуваат, а потоа се дел од службениот гласник на општината, и на веб страната на општината биле објавени насоки за правните и физичките лица како би межеле истите подобро да ги остварат своите права и обврски од областа на животна средина.

<u>Согласно четвртата точка од Планот за вршење на надзор на законитоста на работата на органите на општината Македонски Брод од страна на комисијата е утврдено дека согласно прописите кои произлегуваат од Законот за водите</u>

- Во општината Македонски Брод функционира ЈП Водовод и канализација истото имало склучено договор со ЈП за водоснабдување Студенчица за испорака на вода. ЈП Водовод и канализција поседува Дозвола за испуштење во река Слатинска со бр. УП1-11/5-888/2017. Прибавени се дозволи за користење вода за водоснабдување на повеќе населени места кои влегуваат во општина Македонски Брод и тоа: Дозвола за користење на вода УП1-11/5208/2015 за водоснабдување на населено мерсто Крапа, Дозвола за користење на вода бр. УП 577/2018 за водоснабдување на  населени места Сушица, Зркле, Инче, Манастир Св. Богородица, Горно и Долно Манастирец.  Дозвола за користење на вода од река Девичка бр. УП 1 -11/5-1341/2018 како алтернативно решение за водоснабдување на населено место Требино  и Македонски Брод.  Дозвола за користење на вода од река Уча бр. УП 1 -11/5-1420/2019 за водоснабдување на населено место Требино.

- Општината утврдувала при издавање на Б- интегрираните еколошки дозволи дали дејностите и активностите на инсталацијата е издадена потребна дезвола согласно членовите 26, 28 и член 79 од ЗВ.

- Од општината немаме одговор за урбанистичките планови на општината за прикажување на картографски заштитните зони, согласно член 98 став 4 ЗВ.

- Општината ги исполнува обврските за одведување и собирање на отпадните води што произлегуваат или се создаваат на нивното подрачје, вклучувајки го

и отстранувањето на тињата и врши пречистување на отпадните води согласно член 113 од ЗВ.

- Општината согласно Законот за води се изјасни дека ги исполнува обврските согласно член 116 да обезбеди ефлуентите од индустриските отпадни води коишто влегуваат во системите за собирање и прочистување на урбани отпадни води да бидат подложни на потребниот предтретман.

- Општината нема донесено Програма за заштита од штетно дејство на водите согласно член 124 ЗВ.

- Општината на 26.05.2022 има донесено оперативен план за заштита и одбрана од поплави согласно член 126 од ЗВ, а во Министерството има доставено Оперативен план во 2018 и 2020 година.

- Се изјансни дека: Во оперативен план за заштита и спасување од поплавите на територија на Општина Македонски Брод предвидени се потребни мерки за заштита и одбрана од поплави и заштита од друго штетно дејство на водите во урбаните подрачја.

- Од општината немаме одговор за прашањето дали општината постапила согласно член 143 од ЗВ, и изготвила, доставила и објавила извештаи за активностите реализирани во претходната година и предвидените активности за наредната година во врска со заштитата од штетното дејство на водите.

- Општината ги исполнувала обврските согласно член 141 од ЗВ за да ги превземе мерките за уредување на пороите што се наоѓаат на нивното подрачје и тоа преку центарот за развој на југозападен плански регион обезбедила доизградба на канал Песјак за површински води. Целукупната постапка и известувањето за реализиран договор бил од страна на Центарот за развој во соработка со Бирото за регионален развој од каде се обезбедувале и потребните сретсва за реализација на истиот.

- Согласно член 137 од ЗВ општината ги исполнувала обврските и преземала мерки за заштита на ерозивни подрачја и исто така имала определено граници на ерозвни подрачја.

- Општината го определила крајбрежниот заштитен појас на река Треска согласно член 131 и го имала уредено крајбрежниот појас согласно член 132 од ЗВ.

- Општината секоја година до крајот на септември вршела проценка дали водотеците на подрачјето кое е под нивна надлежност се во состојба да предизвикат поплави на земјиштето и обезбедувале непречен проток на водата согласно член 133.

- Мониторинг на исправноста на водата за пиење и извештај од извршениот мониториг се вршело од страна на Центарот за јавно здравје Прилеп и еден примерок се доставувал во општината.

- Од општината Македонски Брод немаме одговор за реализирани инспекциски надзори согласно член 229.

-Општината водата за пиење ја обезбедува и заштитува преку склучен договор помеѓу ЈП Водовод и канализација и ЈП за водоснабдување Студенчица како локален водоснабдителен систем.
- Се изјасни дека: Во општината има основано јавно претпријатиа (ЈП Водовод и канализација) за вршење на дејноста и работењето и одржувањето на системите за водосдабнување и снабдувањето со вода за пиење.

**Согласно петата точка од Планот за вршење на надзор на законитоста на работата на органите на општината Македонски Брод, од страна на комисијата е утврдено дека согласно прописите кои произлегуваат <u>од областа на заштита од бучава во животната средина :</u>**
- Општината не превзема никакви активности за имплементација на Законот за бучава од својата надлежност согласно законот.
-Општината нема склучено договор со овластено правно лице за мерење на бучава.

**Врз основа на сето горенаведено комисијата за вршењето на надзорот ги увиде следниве недостацои кои е потребно општината да ги отклони и за тоа да го извести министерството, и даде неколку препораки:**
- Се препорачува вработениот во областа за заштита на животната средина да продолжи да работи согласно законските прописи. Но потребно е да се опфаќаат сите надлежности од областа на животната средина кои ги има општината.Да отпочнат да се спроведуваат постапките каде беше константирано дека не се спроведуваат, бидејки еден вработен засега работи на спроведување на сите закони во областа, и сам не е во можност се да сработи комплетно, потребно е да се постапи согласно заклучокот на Влада и да се систематизира уште едно работно место на кое ке биде вработен или распореден друг извршител а кој би му помагал на сега вработениот а кој е ангажиран и на друго работни место како економист.
Согласно систематизацијата општината има доволно вработени кои може да ги ангажира на областа на животна средина.
-Општината да подготви ЛЕАП,
-Општината да ја исполни обврската согласно член 154 од ЗЖС, да се донесе надворешен план за вонредни состојби.

***Во областа на отпадот комисијата укажува на следниве недостаци кои е потребно да се отстранат:***
-Општината да отпочне со водење на консолидаран извештај со податоци доставени од правни и физички лица, кои вршат дејности на собирање, транспортирање, складирање, третман и преработка на отпад.

-Општината да отпочне со водење катастар за својата територија, каде ќе се евидентираат создавачите на неопасен отпад, што подразбира исполнување на обврската од член 116 од ЗУО.

-Потребно е Општината да превземе активности согласно членот 43 став (3), во иднина да им овозможи на граѓаните кои ги опслужува да го селектираат отпадот според видот и нивните карактеристики.

- Општината е потребно да пристапи кон склучување на договор со правно лице кое ја поседува именуваната Дозвола за колективно постапување со батерии и акумулатори.

***Во областа на водите комисијата укажува на следниве недостаци кои е потребно да се отстранат:***

- За издадените дозволи за користење за вода или дозвола за испуштање, шест месеци пред истекот на рокот на важност на дозволите потребно е да се достави барање за нивно продолжување до Министерството за животна средина и просторно планирање.

Воедно, Ви укажуваме дека за водни тела од кои се користи вода за консумирање од страна на човекот за населените места во општина Македонски Брод за кои не се прибавени дозволи за користење на вода согласно член 26 и 28, истите потребно е да се прибават, исто така и за испуштања или фрлање материи и супстанции во реципиенти за кои не е прибавена дозвола за испуштање огласно член 79 од ЗВ потребно е истата да се прибави.

- Општината потребно е согласно член 96 став 2 од ЗВ да донесе Одлука за потребата од определување на заштитни зони за водни тела од кои се користи вода за консумирање од страна на човекот. Одлуката за потребата со барање и Елаборат за определување на заштитни зони кој е изработен од овластено стручно правно лице, чие овластување го издава Министерството за здравство, потребно е да се достави до Министерство за здравство и Министерство за животна средина и просторно планирање за да согласно член 96 став 1 од ЗВ се изработи Предлог одлука за заштитни зони која ќе ја донесе Владата на РС Македонија. По донесување на одлуката од страна на Владата на РС Македонија потребно е општината во урбанистичките планови на општината да ги прикажува картографски заштитните зони, согласно член 98 став 4 ЗВ.

- Општината согласно член 114 од ЗВ да врши одведување и собирање на отпадните води што произлегуваат или се создаваат на нивното подрачје, вклучувајки го и отстранувањето на тињата, да врши пречистување на отпадните води согласно член 113 од ЗВ и да донесува предлог Програма за одведување, собирање и пречистување на урбаните отпадни води.

- Општината да донесе Програма за заштита од штетно дејство на водите согласно член 124 ЗВ (која треба да содржи изградба на насипи, акумулации,

регулација на реки, уредување на порои, заштита на земјиште од ерозија, пошумување и сл.) и да се преземаат мерките за заштита од друго штетно дејство на водите во урбаните подрачја согласно оваа програма.

- Согласно член 126 од ЗВ во континуитет да се изработува, да се донесува и спроведува Оперативниот план за заштита и одбрана од поплави, како и да се доставува до Министерство за животна средина и просторно планирање за да се добие согласност за истиот.
- Општината во населените места може да го определува крајбрежниот заштитен појас за водотеците за кои не е определен истиот и да го уреди согласно член 132.
- Согласно член 133 секоја година до крајот на септември општината потребно е да изврши проценка дали водотеците на подрачјето кое е под нивна надлежност се во состојба да предизвикат поплави на земјиштето и дали обезбедуваат непречен проток на водата. Доколку водотеците не обезбедуваат непречен проток се преземат мерки од страна на општината.
-Советот на општината на територијата под нејзина надлежност потребно е да ги определи границите на ерозивното подрачје и подрачјето загрозено од ерозија како и да ги утврди мерките и работите за заштита на земјиштето од ерозија и уредувањето на пороите, врз основа на техничка документација согласно член 135 од ЗВ и да ги презема мерките за заштита на ерозивни подрачја согласно член 136 и член 137 од ЗВ.
.-Општината потребно е да ги исполни и обврските од член 141 од ЗВ и да ги превземе мерките за уредување на пороите што се наоѓаат на нивното подрачје.
-Потребно е согласно член 143 општината да изработи, доставува и објавува извештаи за активностите реализирани во претходната година и предвидените активности за наредната година во врска со заштитата од штетното дејство на водите.
- Општината потребно е да донесе Програма за мониторинг на водите согласно член 145 став 7 од ЗВ и редовно да доставува податоци од мониторинг согласно член 156 ЗВ.

***Во областа на бучавата:***

-При издавање на одобренија за градба општината е потребно да утврдува дали планските документи за објектот ги исполниле посебните услови и мерки во врска со стандардите за заштита од бучава согласно член 23 од ЗЗБЖС.
- Понатаму се препорачува во општината да се овозможи учество на стручни обуки на вработените во општината кои работат во делот на заштитата на животната средина се со цел зајакнување на капацитетите за спроведување на законските прописи за заштита на животната средина на локално ниво.

-Во рок од 6 месеци Општина Македонски Брод треба да го извести Министерството за животна средина и просторно планирање за превземените активности согласно утврдените недостатоци во однос на имплементацијата на надлежностите.

Скопје, 2022 година

Претседател на Комисија:
Тања Кироска Филиќ ______________

Членови од Комисијата присутни на надзорот:
Ирена Николоска ______________
Лумни Јашари ______________

Членови на комисијата кои учествуваа во извештајот:
Даниела Ристова,______________
Даниела Наумоска, ______________
Александар Петковски, ______________